УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
L'UNIVERSIT “ST CYRILLE ET METHODE” – SKOPJE

---

**ГОДИШНИК**
**НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ**
**„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**



| | | | |
|---|---|---|---|
| **ГОДИШНИК** | **ТОМ 44-46** | **СКОПЈЕ SKOPJE** | **2008-2010** |



**ANNUAIRE**
**DE LA FACULTÉ DE DROIT**
**“IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE**


РЕДАКЦИСКИ ОДБОР
Уредник: доц. д-р Јасна Бачовска
Проф.д-р Борче Давитковски
Проф.д-р Томе Груевски
Проф. д-р Тома Ѓорѓевиќ
Проф. д-р Еника Абази
Проф. д-р МелихаПовлакиќ
Проф. д-р Марија Игњатовиќ
Проф. д-р Андраж Тершек
Асс. м-р Милена Апостоловска (секретар)


УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ

# ГОДИШНИК

## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

## ANNUAIRE DE LA FACULTÉ DE DROIT “IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE

**По повод 35 години од основањето на студиите по новинарство на Правниот факултет**

Скопје 2008-2010

## APPLICATION OF E-MEDIA IN TOURISM PROMOTION


### SUMMARY

This study is focused on the strengths and challenges associated with using the Internet as a rapidly evolving medium in tourism promotion. For this purpose, the paper examines the young-adult consumers' attitude, mainly towards three aspects: (1) application of Internet for travel and tourism; (2) usage of on-line social networks in sharing travel and tourism experiences; and (3) trust in e-media for tourism promotion purposes. The aim of this research is to determine the level of application of e-tools in tourism promotion by young population in Macedonia. So, this empirical evidence reports on analysis based on data obtained from customer survey among 502 young-adult consumers. The outcomes confirm the research hypothesis and point to crucial importance of introducing e-tools for tourism promotion and increasing the awareness for Macedonia as a tourist destination. Moreover, the paper strongly recommends this concept and urges the need for identifying effective framework for mitigating the up-to-date modest tourism results, thus acting as basis for initial suggestions in improving tourism promotion of the country.


***Key words:*** Young-adults; Internet; On-line social networks; Tourism promotion; Macedonia.


**Bios:**

BiljanaPetrevska, Ph.D. is an Assistant Professor at the "GoceDelcev" University -Stip, Faculty of Tourism and Business Logistics – Gevgelija. Her area of research interest includes, among others: Economics of Tourism, Tourism Promotion and Tourism Policy. Contact address: Campus IV, KrsteMisirkov bb, 2000 Stip, Macedonia, e-mail: biljana.petrevska@ugd.edu.mk






Дејан Донев*

# МЕДИУМСКАТА ЕТИКА И СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО - МАКЕДОНСКИОТ МЕДИУМСКИ ПРОСТОР

УДК:342.727
316.774(497.7)
1.02 Прегледна научна статија

Кога говориме за професионалните, т.е. деонтолошките стандарди и нивната реална практика во македонското новинарство и медиуми, погледнато од етички аспект, генерално може да се извлече заклучок дека е многу тешко да се аплицира и практикува она што е главна карактеристика на демократските општества - слободата на изразувањето, како едно од централните права од чие постоење или непостоење во голема мера зависи остварувањето на другите политички права, односно кое е предуслов за уживање на многу други права и слободи загарантирани во Европската конвенција за човекови права. Ова, особено доколку се земат в предвид последните „потреси„ во медиумскиот простор кај нас.

Сепак, тезата дека новинарство во Македонија не постои е сосема претерана, бидејќи новинарството, без каков и да е сомнеж, е незаобиколива карактеристика и дел од секое демократско општество. Впрочем, степенот на демократизација на односите внатре едно општество се мери преку развојот и слободата на новинарството. Оттука, доколку се каже дека новинарството во Македонија е во многу лоша состојба, веќе даваме многу пореалистична изјава и факт кои можат да се потврдат во македонскиот медиумски простор. Зошто е тоа така и како ситуацијата да се подобри? Зошто дојдовме до ова дереце?!

Текстот се занимава со етичка анализа на главните причинители за ваквата состојба со слободата на изразувањето во медиумскиот простор во Р.М., обидувајќи се да даде одговор на прашањето за тоа каква етика и етичко однесување ни се потребни како санација на направеното и превенција на идното во услови кога постои генерална слобода на говорот, но нема слобода на мислата, т.е. кога има слобода на говорот, но нема, не постои култура на изразување и слушање. Во прилог на последново и рангирањето на Македонија на 94 место во последниот извештај на Reporters with no borders.

* доц. д-р **Дејан Донев**, Институт за новинарство, медиуми и комуникации, при Правниот факултет „ Јустинијан I„ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ – Скопје; e-mail: donevdejan76@gmail.com; dejandonev@pf.ukim.edu.mk.

## MEDIA ETHICS & FREEDOM OF SPEECH - MACEDONIAN MEDIA SPACE

When we talk about professional, i.e deontological standards and their real practice in the Macedonian journalism and media, viewed from an ethical aspect, a general conclusion can be conducted that it is very hard to be applied and practiced what is a main democratic characteristic in democratic society – freedom of speech, as one of the central rights, from which existence, or non-existence greatly depends the accomplishment of the other political rights, respectively, the pre-condition for enjoyment of many rights and freedoms enshrined in the European Convention on Human Rights. Especially if taking into account the recent "shocks" in our media space.

Yet, the thesis that journalism in Macedonia does not exist, is quite exaggerated, because journalism, without any doubt, is an unavoidable characteristic and part of any democratic society. Indeed, the degree of democratization of the relations inside one society, it can be measured through the development and freedom of journalism. Hence, saying that journalism in Macedonia is in very bad condition, we already gives a very realistic statement and facts that can be validated in the Macedonian media space. Why is that so and how can the situation be improved? How did we came to this unbearable situation?

The text deals with the ethical analysis of the main causes for this situation of freedom of speech in the media space in R. Macedonia, trying to answer the question "what kind of ethics and ethical behavior is needed" as a rehabilitation and future preventive in circumstances when there is a general freedom of speech, but no freedom of thought, i.e when there is a freedom of speech, but there is no, it does not exist, a culture of expression and listening. In addition to the latter, and the ranking of Macedonia on the 94$^{th}$ place in the last report of *Reporters without borders*.

## МЕДИУМСКАТА ЕТИКА И СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО - МАКЕДОНСКИОТ МЕДИУМСКИ ПРОСТОР

Долговечноста на судирот меѓу желбата јавно да се говори и стравот од последиците од тој чин, односно товарот на одговорноста, произлегуваат од фактот што **правото на слобода на изразување на мислите и чувствата** е природно човечко право кое припаѓа на корпусот на човекови права и слободи кои се исконски и фундаментални, како што се: правото на живот, на слобода, на интегритет на личноста и слични[1], односно од првата генерација

[1] Политичките слободи и права во својата вкупност го изразуваат политичкиот субјективитет на граѓанинот и му овозможуваат да учествува во политичкиот живот на земјата, односно ја изразуваат основата на либералната концепција на демократијата воопшто. Оттаму, слободата на изразувањето е едно од централните права предви-





на права наречени *политички права и слободи* и логички посматрано, овие права секогаш биле сметани за нераскинливи од суштината на човечкото суштество (Донев, 2011: 270-271).

Тоа говори дека како што никогаш никој не го спори фактот дека сонцето изгрева и заоѓа, така и за постоењето на основните човекови права не се изразува никаков сомнеж. Но, многу судири околу овој ноторен факт се раѓаат кога се поставува прашањето зошто истото се случува, т.е. дали затоа што Земјата се врти околу сонцето или спротивно. Ако на ова се даде одговор кој се спротивставува на 'вистината" која важи за одредено време или догма, тогаш може и да се заврши на клада поради јавно изнесеното мислење. Така и за уживањето на основните човекови права и слободи се имаат отворано мноштво спорови и дилеми кога се поставувало прашањето под кои услови истите можат да се уживаат и дали постојат граници преку кои истите не можат повеќе да се практикуваат. Одговорите на овие прашања имаат посебна важност за новинарската професија, бидејќи истата по својата природата е свртена кон увидот на јавноста.

* * *

A propos новинарството, генерално, кога се говори за правата и одговорностите на новинарите, се отвора една навистина многу стара тема која задира во самиот почеток на цивилизацијата. Како што говори Тацит, ретки се времињата кога може слободно да се мисли, а уште поретки оние во кои слободно може да се каже она што се мисли. Значи, станува збор за тоа дали луѓето можат, и под кои услови можат, доколку можат, слободно да го изразуваат своето мислење, идеи и ставови. Способноста да мислиме ни е дадена со природата, или како што други толкуваат - Бога. Мислиме, значи постоиме, би рекол Рене Декарт. Тоа право и слобода не може и не смее да ни го одземе ниту една власт, дури ниту најригидниот тоталитарен поредок. Едноставно, секој може да мисли, но и да молчи! Проблемот се јавува **доколку она што мисли, сака истото и да го соопшти на другите!** (Донев, 2011: 265-266). Истото, своевремено Волтер најдобро го изрази во ставот дека можеби нема да се сложи со кажаното од противникот, но ќе направи се истиот став да биде слушнат насекаде!

Уште повеќе проблемот се заострува во современите општества, бидејќи познавањето на реалноста, на она што нѐ окружува, во најголема мера за-

дено во член 10 одЕвропската конвенција за човекови права, од чие постоење или непостоење во голема мера зависи остварувањето на другите политички права, односно тоа е предуслов за уживање на многу други права и слободи загарантирани во истата конвенција. Притоа, творците на овој член за модел го имале предвид членот 19 од Универзалната декларација за човекови права, а историски гледано постојат различни верзии на ова право во неколку устави на американските држави од 19 век, членот 11 од Француската декларација за правата на човекот и граѓанинот, како и Првиот амандман од Уставот на САД.

виси од претставата која граѓаните ја формираат врз основа на материјалот кој им го нудат новинарите и медиумите[2] (Bertrand, 2007: 34). Она што тие ќе го премолчат, превидат, т.е. нема да известат за тоа, исто како и да не се случило, додека она што ќе го нагласат или повторат неколкупати, го претставува она што е најважно во нашиот живот, во однос на запознавањето на средината и реалноста во која сме (Žaket, 2007: 162-168).

Токму поради овој факт, општествено и демократски е оправдано барањето новинарите и медиумите, согласно и сразмерно големата моќ со која располагаат, истовремено да бидат подврgнати и на голема одговорност. Тоа значи дека за сите оние кои се занимаваат со јавниот збор, во прв ред новинарите, тоа е прашање кое се однесува на **она што смеат, а што не смеат, не да го знаат, туку да го објават**. Дури со овој чин новинарското искажување станува јавно, а од него следи и одговорноста на авторот за обелоденетиот збор. Токму затоа и големата надеж во системот на медиумската саморегулација, имено, границите помеѓу правата што произлегуваат од слободата на медиумите и нарушувањето на правата на граѓаните во однос на објавените содржини во медиумите, најдобро е да се уредуваат преку системот на медиумска саморегулација.

Ваквото освојување и одбрана на слободата, всушност значи поставување на слободата како неопходен услов за реализација на новинарските одговорности[3] (Sapunar, 1994: 69) и токму во овој контекст кодексите ја дефинираат како таква. Како што стои запишано во темелниот документ од овој вид во меѓународни рамки, т.е. во „Декларацијата за правата и должностите на новинарите„ или попозната како Минхенска декларација, клучната формулација се наоѓа уште во нејзината преамбула, каде се одредува дека правата и должностите на новинарот произлегуваат од правото на јавноста да биде информирана за настаните и мислењата, односно, Минхенската декларација тоа го прави повикувајќи се на Универзалната декларација за правата на човекот – правото на информирање, на слободно изразување и на критикување претставува една од основните слободи на секое човечко суштество! Веќе во вториот параграф стои дека новинарот мора да ја брани слободата на информирањето, критиката и коментарите (Perović, 2007: 103).

Но едно е желбата, а друго е модусот! Најчесто, во земјите во развој каква што е и Македонија, сликата од реалноста е поинаква. Имено, кога говориме за професионалните, т.е. деонтолошките стандарди и нивната реална практика во новинарството и медиумите, погледнато од етички аспект, генерално може да се извлече заклучок дека е многу тешко да се аплицира и прак-

[2] Всушност, првата вокација на медиумскиот професионалец, без оглед на останатите негови функции, е спроведување на слободно комуницирање заради информирање на луѓето за сопствените перцепции во светот кој го опкружува.

[3] Овде во ниту еден случај не се работи за ограничување на слободата, туку само нејзино позитивно регулирање, затоа што истата е сеопшта еманципативна пракса до која се доаѓа преку соработка, комуникација, а денес особено преку медиумите како форуми за дебата.





тикува она што е главна карактеристика на добро развиените демократски општества - слободата на изразувањето, како едно од централните права од чие постоење или непостоење во голема мера зависи остварувањето на другите политички права, односно кое е предуслов за уживање на многу други права и слободи загарантирани во Европската конвенција за човекови права[4].

Сепак, тезата дека новинарство во Македонија не постои, како што многумина теортичари и практичари од реалниот медиумски простор во Македонија милуваат да сумираат, е сосема претерана, бидејќи новинарството, без каков и да е сомнеж, е незаобиколива карактеристика и дел од секое демократско општество. Впрочем, степенот на демократизација на односите внатре едно општество се мери преку развојот и слободата на новинарството. Со други зборови, се смета за оправдано сознанието дека **преку положбата и значењето на новинарската професија во едно општество, може да се процени неговата отвореност и демократичност, односно почитување и загарантираност на слободното мислење, искажување, здружување и воопшто слободниот живот**. Тоа говори многу, дека во медиумите се огледа и создавањето на состојба и движење на едно општество, што значи дека демократијата, пред сè, се изразува во медиумите, нивната структура и култура. Истата, како таква, бара добро и живо новинарство - етички фундирано, сестрано ангажирано, хумано и вредно. Без неговата висока морална поставеност, илузорно е да се очекува добро функционирање и развиток на демократијата.

Во овој контекст, обезбедувањето слобода на медиумите секаде во светот претставува приоритет, бидејќи независните и слободни медиуми се одлика на добро владеење на демократските општества, зашто осигуруваат транспарентност и владеење на правото и го промовираат учеството на граѓанинот во политичкиот живот. Но случајот со македонското новинарство, е случај на новинарство обременето со потешкотии, скандали, нерешени сопственички прашања, како и недефинирана положба на новинарите кои се секојдневно изложени на притисоци и манипулации. Во вакви услови навистина е тешко да се извршува сопствената професија и тоа професионално и во склад со етичките начела, а за што сведочат и бројните афери кои го тресеа и се уште во некој прикриен вид го тресат општеството, а во кои учествуваат и самите новинари - понекогаш и сами спинувајќи и манипулирајќи, сервирајќи однапред подготвени сценарија заради одвлекување на вниманието на јавноста, а понекогаш и бидувајќи и самите жртви, кои во потрага по нова новинарска куќа мораат новинарски да се „проституираат„!

Но едновремено, истите беа и се причинители или иницијатори во разоткривањето на низа неправилности, скандали и малверзации, кои под притисокот на јавноста доведоа до крупни и кадровски и сопственички промени во општествените елити. Од една страна, до истото доведе несигурноста на но-

[4] Ова, особено доколку се земат в предвид последните „потреси„ во медиумскиот простор кај нас.

винарите кои обвинуваат за медиумски линч, а од друга страна истото доведе до зголемување на сензибилноста на јавноста во поглед на одговорноста, пред се на политичарите.

Во вакви услови, доколку се каже дека новинарството во Македонија е во многу лоша состојба, веќе даваме многу пореалистична изјава и факт кои можат да се потврдат во македонскиот медиумски простор. Но, зошто е тоа така и како ситуацијата да се подобри? Зошто дојдовме до ова дереџе во услови кога постои генерална слобода на говорот, но нема слобода на мислата, т.е. кога има слобода на говорот, но нема, не постои култура на изразување и слушање во Македонија?[5] Дали овие прашања се и можните одговори на етичките дилеми во професионалниот третман и ангажман на новинрството и медиумите кај нас?

* * *

Во овој контекст, како причини за ваквата состојба со македонското новинарство, можат слободно да се потенцираат отсуството на медиумски плурализам и нетранспарентните сопственички структури на медиумите. Исто така, овде можат да се акцентираат и селективните и политички мотивираните судски случаи, законски процедури и тужби против новинарите; потоа постоењето на селективност во законските процедури, па бавната имплементација на медиумското право и регулации... Конкретен пример е и ретката примена на законот за конфликт на интереси во однос на активните и поранешните политичари, како и нивните членови на семејства или блиски роднини кои поседуваат различни медиумски средства, особено во услови на големо влијание на истите во јавноста (на пример телевизиите како што се Канал 5 или Сител).

Во овој контекст, исто така постојат и евидентни примери кога одредени бизнисмени влијаат врз уредувачката политика со цел да се заштити или промовира нивниот економски интерес, што значи дека се очигледни и недвосмислени примерите кога новинарите треба просто напросто да ја „убијат„ приказната заради заштита на бизнис интересите на нивниот медиумски сопственик. Во потврда на овој став говорат и бројките од листата на „Freedom House“, каде Македонија е на 100-то место според слободата на печатот и е рангирана во категоријата на држави со „делумно слободни медимуми“, токму поради фактот што повеќето од приватните медиуми во државата се

[5] Во прилог на последново и рангирањето на Македонија на дното во регионов, т.е. на 94 место во последниот извештај на Reporters with no borders, што е пад од 26 места од претходната година, односно пад од 60 места во однос на последните три години. http://en.rsf.org/IMG/CLASSEMENT_2012/CLASSEMENT_ANG.pdf





поврзани со политички и бизнис интереси што влијае на нивната содржина, а пак оние во државна сопственост ги поддржуваат позициите на Владата[6].

Едновремено, и недостатокот од вистински работни договори или загарантирани плати влијае врз голем број од новинарите и медиумските работници. Оваа несигурна економска ситуација ги прави новинарите ранливи во однос на економските понуди и коруптивни пракси. Како што потенцира Тамара Чаусидис, претседател на Синдикатот на новинари на Р.М.: „лучната оска преку која се крши слободата на медиумите се токму работничките права. Од кога е основан синдикатот, во декември минатата година, десетици колеги загубија работа, на многумина едноставно не им беше продолжен договорот за вработување кој бил потпишан принудно на одредено време, со постојан мобинг биле принудени да дадат отказ или едноставно биле избркани. Има новинари кои со месеци не земаат плата чекајќи да видат дали медиумот ќе биде затворен или ќе продолжи да функционира. Има непријавени новинари и медиумски работници во Завод за вработување или пријавени со мизерни плати, со плаќања во бонови, неисплатени дневници, однапред потпишани откази или договори за работа во кои новинарите се обврзуваат да го сносат финансискиот товар доколку се тужени за клевета или осудени„ (http://hronicar.dimitrovski.net/2011/05/слобода-на-медиумите-и-слобода-на-нови/).

Овде може да се потенцира и политичкиот притисок - притисокот кој политичките партии го имаат врз медиумите. Со други зборови, познато е дека во вакви ситуации од новинарот се бара да биде на оваа или онаа страна - да биде патриот или би бил предавник. Како последна фаза од овој квазипатриотизам се и владините медиумски кампањи како еден вид награда за припадноста кон овој квазипатриотизам.

Сето ова продуцира состојба во која новинарите и уредниците, но и останатите медиумски работници, го чувствуваат притисокот, па оттука самоцензурирањето и задушувањето на слободата на изразување стана насекаде раширена низ медиумскиот простор во Македонија. Се чини дека никој повеќе не се грижи за деонтолошките стандарди, особено кога се работи за животот и самата егзистенција. Наместо да се развива и унапредува моралната совест и свест на едно повисоко ниво, македонските новинари и медиумски работници, се обидуваат или се окупирани како да го „спојат први со петнаесетти од месецот„. Во прилог на ова и да не говориме за условите и кадровската политика која се води во однос на оние кои треба да ги обучуваат и извештуваат идните дипломирани новинари во новинарската теорија и пракса, т.е. каде во последните 35 години, од 1977 година кога е формиран Институтот за новинарство, медиуми и комуникации при Правниот факултет

[6] Прва на листата од 195 држави Фридам хаус ја рангира Финска по која следат Исланд и Данска, а меѓу земјите на дното на листата се Мијанмар, Куба, Либија и Северна Кореја.

„Јустинијан Први„ во Скопје[7] па до денес, ниту еден член од наставниот и научниот кадар не е во редовен работен однос. Во прилог на сознаниево и слабата застапеност на медиумската, новинарската, етиката на публиката, филозофијата на медиумите и биоетичката едуцираност на идниот новинарски кадар, како и преголемата нагласеност и вклученост на предмети, пред се од правните, но и политичките и економските науки во наставните планови на овој Институт.

* * *

Заклучно, сходно претходното, за каков тип на етика и етичко однесување можеме да се надеваме, кога основните предуслови за извршувањето на оваа професија не се задоволени (Донев, 2011: 236 и Malović, 1999: 36)?! Дали е можно да постои висок степен на професионализам и почитување на деонтолошките нормативи на новинарството во Македонија? Со други зборови, како да се постигне светски поставената јасна цел: *да се промовира и подигне свеста за значењето на слободата и независноста на медиумите, како и да се потсетат државите дека треба да го почитуваат правото на слободно изразување*, односно да се прокламираат начела на слободата на печатот, под кои се подразбира независност во однос на политичката, економската и владејачката структура, а на меѓународната заедница да и се упати повик цензурата да ја стави надвор од законот, како насилство над човековите права?!

Претходната анализа на состојбите во македонското новинарство, како и посочените дилеми во истото, не наведуваат на заклучокот дека во земја во која медиумскиот простор повеќе не е плуралистичен, се запаѓа во недостиг од доверба која се генерализира насекаде во медиумите и јавноста, а е изразена низ сентенцата:„повеќе не е јасно каде политиката започнува, а медиумите завршуваат и обратно„. Со тоа, претходно апострофираниот економски притисок, недостатокот од професионализам и ниските етички стандарди го формираат заедничкиот именител и содржател на медиумската сцена во Македонија, со што недостатокот од почит и уважување на професионалните стандарди, како и отсуството на желба за изучување на етиката, доминираат како основни проблеми.

И додека ЕУ бара од нас подигање на стандардите и свеста за ова прашање, т.е. дека слободата на изразување и медиумскиот плурализам се во сржта на европските вредности и тие мора да постојат и во земјите-кандидати и во потенцијалните кандидати за членство во ЕУ, се ближи 3 мај - Светскиот ден на слободата на медиумите[8], на кој треба одново и одново да се укажува дека слободата на изразување и слободата на печатот се базата во градењето на силни демократии, а црните бројки кои се објавуваат на Денот на слободата на печатот се само опомена дека новинарската професија е една од најтешките и најризичните во светот. Токму затоа и Меѓународната федерација на новинарите во својот проглас од 2011 година повикува на ревитализацијата на глобалната солидарност меѓу новинарите за да се победат сите закани за медиумите, бидејќи новинарската работа е срцето при одбраната на демократијата и човековите права.

Последново оттаму што на Македонија и е потребно постоење на здрава критичка свест и јавност, со акцент на негувањето и одбраната на јавната дебата и слободата на изразување. Со ова општеството може да се движи напред. Постоењето на различни мислења, дискусија и отвореност на институциите ќе го оправда и постоењето на заедницата (Žaket, 2007: 177-181).

## ЛИТЕРАТУРА


1. Baloban, Stjepan (ur.). (1999). *Kršćanin u javnom životu* Zagreb: Centar za promicanje socijalnog nauka Crkve & Glas Koncila.
2. Бенедек, Волфганг. (2008). *Разбирање на човековите права - Прирачник за едукација од областа на човековите права.* Македонски Информативен Центар во соработка со Директоратот за јавна дипломатија при Министерството за надворешни работи на Република Македонија, Скопје.
3. Bertrand, Claude - Jean.(2007). *Deontologija medija*. Zagreb: ICEJ.
4. Донев, Дејан. (2011). *Етика во новинарството*. Скопје: УКИМ.
5. Žaket, Dejl. (2007). *Novinarska etika - Moralna odgovornost u medijima*. Beograd: Službeni glasnik.
6. Маковеј, Моника. (2001). *Слобода на изразување - Водич за имплементација на Член 10 од Европската конвенција за човекови права.* Strasbourg: Council of Europe, Directorate General of Human Rights.
7. Perović, A. Milenko. (2007). *Etika medija*. Danilovgrad: KIC Bijeli Pavle.
8. Sapunar, Marko. (1994). *Osnove znanosti o novinarstvu*. Zagreb: Epoha.
9. Трошановски, Марко et al. (2010). *ПРИРАЧНИК за наставници за изучување на медиумската писменост вонаставата по мајчин јазик: за основно и за средно образование.* Скопје: МИМ & Институт за демократија „Societas Civilis“.
10. http://hronicar.dimitrovski.net/2011/05/слобода-на-медиумите-и-слобода-на-нови/.
11. http://en.rsf.org/IMG/CLASSEMENT_2012/CLASSEMENT_ANG.pdf


[7] Ова пред се се однесува на единствениот, сега за сега, државен „инкубатор„ на идни дипломирани новинари.

[8] Одлуката за одбележување на Светски ден на слободата на медиумите ја донесе Генералното собрание на ОН во 1993. година, а на тој ден традиционално УНЕСКО одржува конференција на која учествуваат медиумски работници, организации за слобода на печат и специјализирани агенции на ОН, со цел да се процени состојбата на медиумите низ светот. На истиот ден УНЕСКО доделува награда за слобода на печат „Guillermo Cano”, наречена според колумбиски новинар кој бил убиен пред канцеларијата на весникот „El Espectador“ во Богота на 17 декември 1986 година, а поради текстови кои им пречеле на нарко-картелите.

д- р Каролина Ристова-Астеруд*

# ИНФОРМАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ ВО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА
## (со посебен осврт врз случајот на Собранието на Република Македонија)

УДК:328.32(497.7)
1.01Изворна научна статија

**1. Вовед** – Во рамки на севкупното позиционирање и функционирање на(националните) парламенти во политичкиот систем на Европската унија (ЕУ), информативна функција во т.н европски прашања преставува дериват на нивната функција на највисоко политичко преставништво на суверенот т.е граѓаните на државите-членки на Европската унија.Иако имплицитна,оваа парламентарна функција поинтензивно започнува да се профилира по проблематичната јавна поддшка за Мастрихшкиот договор во периодот 1992-1993 год. во одредени држави-членки на ЕУ.[1] Непосредно, истатасе однесувања улогата што парламентите треба да ја имаат во обезбедување поголема информираност и вклученост на граѓаните и нивните интересовни групи за и во активностите наЕУ, и тоа, како по двете хоризонтални линии ( супранационално ниво на ЕУ и националното ниво на државите-членки на ЕУ), така и по вертикалната линија (динамиката на супранационално ниво-национално ниво на ЕУ), сумарно, во т.н „европски прашања."Како во политичките кругови, така и во академските кругови се позастапено е гледиштето дека (националните) парламенти се онаа точка на врзување која треба да им ја приближи и легитимира ЕУ на граѓаните, а особено да влијае врз формирањето на „европска свест„ кај граѓаните на државите-членки,[2] а консеквентно на тоа,

---

* доцентка на Првниот факултет „ Јустинијан Први" во Скопје

[1]Мастрихшкиот договор беше ратификуван од националните парламенти во Данска и Франција, но беше одбиен на референдум во Данска, одржан на 2.06.1992 год. со 50.7% гласови (иако на повторен референдум на 18.05.1993 год. беше ратификуван), додека на референдумот во Франција одржан на 20.09.1992 год., беше потврден со едвај 51% поддршка. Податоците превземени од: www.cosac.eu;

[2]За време на Конвецијата за иднината на Европа 2002-2003 год. била подготвена и *Декларација за подигање на европска свест,* потпишана од 50-тина членови на Конвецијата и во која националните парламенти би помогнале во подигање на европската свест меѓу граѓаните, пред се, преку т.н „Евронедела" во која тие истовремено би дебатирале за годишната легислативна и работна програма на Европската комисија, а последователно во рамките на Конференцијата на комисиите за европски прашања на парламентите на ЕУ (КОСАК) е инициран процес на подготвување за реализација на оваа идеја (За подетаљно,види: *4th Bi-annual Report on EU Practices and Procedures,*